# Најтешка лекција

Зад златнорумените завеси на август, голем број идни бруцоши се во потрага по точниот одговор на писмената работа од основно образование со наслов „Што ќе бидам кога ќе пораснам?“. Од широката палета на понудени одговори, меѓу економист, правник, наставник, доктор, технолог, програмер, инженер и многу други треба да се заокружи еден. Во зависност од изборот следуваат најтешките лекции по Финансиско сметководство, Меѓународно право, Анатомија, Биохемија, Програмирање, Сензори и други. Вклучени Ви се сензорите за критика и се прашувате како е можно академски граѓанин да мисли дека најтешките лекции се учат во академските клупи. Доколку е така, Ве молам, исклучете ги до крајот на овој есеј и дозволете ми да ги претставам работите гледани од моја призма пред да донесете заклучок.

За да постои хармонија во општеството, постојат големи нешта како антитеза на малите, среќа како антитеза на тагата, тешки лекции како антитеза на лесните. Тешки лекции за голем број ученици се оние кои се учат во училишните клупи, за голем број студенти се оние кои се учат во академските клупи, за човек кој барем ја раситнал четвртата декада на години, тоа се лекции кои се учат од искуството стекнато во животот. Животот е игра поделена на периоди во кои на моменти ќе се почувствуваме изиграни. Има периоди во кои е неизбежно да се соочиме со големи предизвици од кои треба да научиме нови лекции. После нив, следуваат периоди кои носат поголеми предизвици и потешки лекции. Предизвиците почнуваат кога почнува животот. Никој не ги памти првите предизвици во животот, првите изговорени зборови и првите направени чекори. Но, речиси секој го памти првиот училишен ден. Тоа е почеток на нов период, нов непознат свет кој чека да биде разоткриен. Почнуваме да ја тргаме завесата со цел на сцена да се покаже целосната слика на новиот свет. Запознаваме нови личности, нови карактери, градиме нови пријателства. Некои од новите познаници се потемпераментни од нас, некои се почувствителни. Зависно од тоа со кои нови познаници ни е посличен карактерот, со нив се сложуваме подобро. Заедничка точка ни е сличното воспитување кое сме го добиле од родителите во зоната која ја правеле удобна пред да почнеме да ги тргаме завесите на суровиот свет. Успехот се наоѓа надвор од удобната зона. Колку повеќе препреки совладуваме, а со тоа учиме нови лекции, толку сме поблиску до патот кој води кон успехот. Освен поддршката која обично ја имаме од најблиските за да продолжиме да се движиме по тој пат, потребни ни се соработници кои имаат иста цел како нашата. Чисто, невино, детско срце на почетокот се води од правилото: повеќе луѓе-повеќе решенија-пократко време за да стигнат сите заедно до целта. Патот до целта е долг, а некогаш е во реконструкција подолго време, па не е можно брзо да го поминеме. Поради различни причини, некои се откажуваат да одат по тој пат, но се трудат да поставаат препреки за и ние да се повлечиме да чекориме по него. После одреден период, сами ќе воочиме или некој повозрасен од нас кој го поминал патот кој води до некоја цел ќе ни посочи дека опкружени сме со љубоморност завиткана во примамлива амбалажа.

Воочуваме дека постои разлика меѓу нашиот дом и светот надвор од него. Скриени чувства, скриени тајни, лажни насмевки и предадени пријателства се оние кои ѝ дале нова боја на светот. Учиме лекција која гласи: светот не е нерасцутена пупка на трендафил која безусловно ги штити своите латици од мразот. Светот е мразот. Продолжуваме да се движиме по трнливиот пат кој води кон успехот. Бројот на животни лекции се зголемува. Секоја е потешка од претходната. Со поминување на годините, искуството е поголемо. Навикнати сме да се расипуваат некои пријателства, но и да се создаваат други. Сѐ се врти во магичен затворен круг. Луѓето во кои имаме доверба долго време, очекуваме да ни бидат ветар во грб. Се советуваме со нив за да го најдеме најдобро решение на проблемите со кои секојдневно се среќаваме. Разочарани сме кога ќе воочиме дека голем број од пријателите во кои имаме доверба намерно не насочуваат да правиме погрешни избори. Ако се тргнеме навреме од лажните пријатели, ќе успееме да ја постигнеме зацртаната цел. После тоа, ќе се појават лажните пријатели пред нас и на сите околу нас ќе кажуваат дека тие се заслужни за нашиот успех. Ниту самите тие не им веруваат на зборовите кои ги кажуваат. Најдобар потег кој можеме да го направиме е да дозволиме ние да бидеме среќни, а тие да мислат дека се во право. За да ја зачуваме среќата колку што можеме подолго, не треба да ја покажуваме пред луѓе кај кои дволичноста доминира како основна карактерна особина. Тие имаат искуство, па ќе се обидат да ни ја растурат среќата која ја држиме на дланка откако успеавме во она што тие мислеа дека не можеме, а ни самите не бевме сигурни дали го можеме тоа. Тоа се моменти кога помислуваме дека не сме доволно издржливи на крилјата на младоста да носиме товар чија тежина дотогаш не сме ја носеле. Новите сознанија се немилосрдни и не удираат в лице со својата вистина. Фактот дека таквите моменти се вистински нѐ освестуваат дека не живееме во свет на илузија. Таквите моменти носат голема одговорност. Носат одлука за да прифатиме да живееме учејќи се потешки и потешки лекции. Овие лекции ги учиме од своето искуство, од наставниците, професорите, родителите и повозрасните луѓе. А од помалите од нас, од децата, може ли од нив да научиме нови животни лекции? Какви се тие лекции? Мое мислење е дека тие се најтешки лекции. Чисти, невини, детски срца и големите и малите работи ги прават со огромна љубов. Тоа е најдоброто решение кое треба да го одбереме кога ќе пораснеме за да станеме успешна личност. Најтешката лекција ја научив од децата. Ја пишувам во прилог.

Беше последна недела од декември. За некого беше обична недела, за студентите - колоквиумска. Небото одамна ги имаше спуштено црните завеси. Стоев на автобуска постојка и чекав превозно средство кое ќе ме однесе до моето место на живеење. Бев изморена од повеќечасовното работење на еден од практичните проекти од факултет. Неколку дена анализирав каде и зошто имам тешкотии за да го реализирам проектот. Постојано како да се вртев во круг. Корегирај една, направи друга грешка. Никако не успевав да го направам проектот потполно точен. Проектот кој не функционираше како што треба беше од областа на сензори. Но, сензорите за болка во слепоочниците и покачен притисок бидејќи имав неколку предмети за полагање во текот на неделата, никогаш не

функционирале подобро. Студениот ветар кој ги дуваше снегулките во моето лице допринесуваше за максимално активирање на сензорите. Пристигна комбе со кое можев да стигнам во близина на мојот дом. Влегов во комбето, а додека шоферот ми го даваше билетот слушнав женски глас кој рече дека превозот доцни 15 минути. Погледнав кон таму. Забележав дека во прегратките на жената која не ја познавав се наоѓа девојче на возраст околу 10 години кое прошепоти: „ Во ред мамо“. Никогаш не сум видела поубаво место од нејзината прегратка. Топло, сигурно, мирно, најубаво во светот. Мајките се ангели на земјата кои во најстуденото време имаат најтопла прегратка за своите деца. Ги сакам децата. Секогаш пленат на свој начин. Седиштето до девојчето беше празно. Седнав и ги затворив очите. Од разговорот на мајката и девојчето разбрав дека живееме во ист град, девојчето има поголема сестра и помал брат кој не оди во училиште. Заѕвони мобилниот телефон на мајката. На крајот од краткиот разговор со синот таа го праша дали сака да му купи киндер јајце. Беше тивко во комбето, па го слушнав одговорот. Одговорот беше не. Која е причината за едно дете да одбие киндер јајце? После телефонскиот разговор, девојчето ѝ кажуваше на мајката како ги минувала училишните денови, за другарчињата и поминатото време со нив. За некого нејзините зборови опишуваат обични, мали работи. Од нејзиниот глас се слушаше дека за малите работи зборува со голема љубов. Посебно внимание ми привлекоа нејзините зборови дека сака да ги види сестра ѝ и брат ѝ бидејќи ги нема видено цела недела. Во мојот град има неколку основни училишта. Не ми беше јасно зошто девојчето не учи во едно од нив. Девојчето ја праша мајка ѝ уште колку време ќе трае патувањето. Мајката одговори и почна да ја доловува новогодишната атмосфера која се забележуваше по сите улици. Таа рече дека со сијалички се направени елени кои пијат вода. Девојчето праша: „Мамо што е тоа елен?“. Ги отворив очите. Погледнав во девојчето и забележав дека во нејзините очи нема сјај, но ништо не може да го згасне сјајот кој извира од внатре. Мојот и погледот на мајката се сретнаа. Таа ми упати блага насмевка. Под насмевката наѕираше нејзината решителност за да одговори на прашањето на девојчето кое не може да го види разнобојниот свет. Но, повторно заѕвони телефонот. Беше тивко во комбето. Синот ја прашуваше мајка си кога ќе стигнат во нивниот дом. Се чувствуваше вознемиреност во неговиот глас. Последната реченица од телефонскиот разговор беше: „Не сакам киндер јајце, сакам да ја видам сестра ми побрзо“. Може ли некој да остане рамнодушен на ова? Некој ќе рече дека ситница е да одбиете киндер јајце, макар што не би се сложила со тоа. Но, да одберите што има приоритет е голема работа. Моментите кога малите деца прават големи работи со огромна љубов не можам потполно да ги објаснам. Ако се обидам да ги објаснам, сигурно ќе им одземам нешто, макар биле и ситници од нивната магија, од златната прашина под која се крие чудесното значење, мудроста и слободата на детството. Таа беше најтешка лекција за мене. Сфатив дека животот не се базира на моите студентски маки. Во животот секој се соочува со различни пробеми. Многу луѓе имаат поголеми проблеми и знаат потешки лекции од нашите. Сè зависи од призмата низ која гледаме. Гледајќи од погрешен агол ги пропуштаме вистинските работи. Треба да ги скршиме стаклата додека има време. Кога

заврши телефонскиот разговор, девојчето како да подзаборави на нејзиното прашање. Раскажуваше за темите кои ги работеле во училишните клупи. Зборуваше за темата „Што сакам да бидам кога ќе пораснам? “. Не се сеќавам што одговорила кога ја прашале. Но, јас во тие моменти одлучив која професија да ја одберам. Меѓу економист, правник, наставник, доктор, технолог, програмер, инженер и многу други, решив да станам искрена. Исклучително искрена. Не можев да ја надополнам скапоцената колекција на моето хоби „ Пропуштање можности“. Нема повеќе место во неа за нови примероци. Кога излеговме од комбето, на девојчето и мајката им поскав сѐ најдобро во новата година. Тие ја знаат вредноста на работите, па сигурна сум дека би го зачувале најдоброто кога би го имале во нивните дланки. Се приближив до мајката и ја прегрнав. Не можев да ги смирам своите емоции. Прошепотив со растреперен глас: „Вие сте најдобрата мајка во светот“. Почувствував дека почнувам да влегувам во новиот период од животот каде се учат потешки лекции од оние во академските клупи. Со тоа што на прво место не ја ставив мојата мајка, мислам дека не ја понижив. Секогаш постои подобар. И од најдобриот има подобар. Тоа беше првиот чекор кој го направив градејќи ја успешно штотуку избраната професија. Откако се разделивме со девојчето и нејзината мајка, седнав на клупа во автобуската станица. Додека гледав во зимската идила сфатив дека најтешките лекции не се учат од родителите, професорите или од повозрасните луѓе. Најтешките лекции се чувствуваат со срцето. Ситниците се основа на најтешките лекции. Затоа ги сакам малите работи. Секогаш сокријте ги во големото срце. Бидете внимателни каде ќе ги извадите. Извадете ги на сцена каде не настапува гордоста. Онаму каде настапува гордоста играјќи ја главната улога, љубовта ги пакува големите куфери. А за да се спакуваат големи куфери без да се заборави ништо, потребно е време.

Често среќавам текстови, говори, есеи и колумни каде авторот како заклучок пишува дека прашањата поврзани со темата која ја обработил, остануваат да лебдат во воздух. Според законите на физиката во воздух лебдат бестежински нешта. Прашањата не можат вечно да лебдат. Преземете одговорност. Поставете и потрудете се да одговорите тешки прашања. Дискутирајте за нив со цел да научите тешки лекции, со цел да помогнете некому да најде решение. Секогаш има решение. Вие сте на потег да го одберете најдоброто.